# ЗАПИСНИК

од 20-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС,
Скопје, 15 февруари, 2024 г.
(простории на општина Кисела Вода)

Присутни: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Борис Стојанов (со овласување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Ване Тасев ( со овластување од Дарко Костовски, Градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје)

Дискусија:

На оваа седница Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои и расправаше по следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за поднесената иницијатива за изменување на Законот за урбанистичко планирање (рокот за донесување на плановите по постапки започнати по стариот Закон да се зголеми од 4 на 8 години);
2. Дискусија во однос на барањето на Министерството за транспорт и врски доставено до повеќе општини;
3. Одлука за доделување на две возила во сопственост на ЗЕЛС на општините;
4. Разно.

ПРВА ТОЧКА: Информација за поднесената иницијатива за изменување на Законот за урбанистичко планирање (рокот за донесување на плановите по постапки започнати по стариот Закон да се зголеми од 4 на 8 години);

Претседателот ги информираше присутните дека во изминатиот период се извршени повеќе консултации помеѓу Претседателот на Собранието и повеќето пратенички групи, од каде е пренесен ставот дека иницијативата за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање за продолжување на рокот за донесување на урбанистичко – планска документација која започната според стариот Закон се поддржува, но дека по повод поднесената иницијатива, од пратеничката група на политичката партија „Левица“ се поднесени неколку стотици амандмани во однос на истиот закон, со што, доколку се отвори расправа по секој од амандманите кои се предложени, овој парламентарен состав нема да има временска можност да го усвои предлогот.

Присутните беа запознати и со дискусиите помеѓу општините за поднесување на иницијатива до Уставниот суд кој би можел во постапка во негова надлежност да ја запре примената на конкретната одредба која се однесува на рокот за донесување на урбанистичките планови во постапка која започнала по стариот Закон.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледа состојбата со текот на постапката за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, ги воочи проблемите и ја констатираше опасноста истиот да не биде донесен во најкраток можен рок, заради што бара од

пратеничките групи, Министерството за транспорт и врски да извршат дополнителни консултации заради изнаоѓање начин за надминување на проблемот преку преговори. ЗЕЛС исто така ќе достави и иницијатива до Уставниот суд со која ќе бара да се запре од примена одредбата која се однесува на рокот за донесување на урбанистичките планови во постапки кои започнале според стариот Закон.

**ВТОРА ТОЧКА**: Дискусија во однос на барањето на Министерството за транспорт и врски доставено до повеќе општини;

Со оглед дека по Заклучок од една од седниците на управниот одбор на ЗЕЛС, до Министерството за транспорт и врски е доставено барање како овластен предлагач да изготви иницијатива за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште со кое би се изменил процентуалниот удел на сопственост на приватниот сопственик во рамките на формирана градежна парцела кој во моментот е утврден во висина од 30% заради спроведување на постапка на т.н. „дооформување". Иницијативата до ЗЕЛС беше поднесена од страна на општина Центар, а истата беше прифатена од Управниот одбор.

Заради утврдување на став за тоа колкав би требало да биде процентот на сопственост различен од сегашниот утврден во висина од 30%, Министерството за транспорт и врски се обратило до неколку општини со барање за доставување на одговор по неколку прашања формулирани во насока на утврдување на иницијативата за изменување на Законот. Присутните членови на Управниот одбор отворија дискусија со која беше истакнато дека на општините не треба да им биде оставено дискреционо право самостојно да го регулираат овој процент, но дека треба да се земе во предвид намената на земјиштето, со оглед дека станува збор за заштита на интересот на граѓаните во однос на интересот на инвеститорите кои се надеваат на што поедноставени постапки за стекнување со право на градење преку откуп на земјиштето во рамките на градежната парцела која е во сопственост на државата.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор смета дека е потребно да се спроведе процес на консултација на сите општини заради што предлага да се упати покана до сите општини, до секторите за урбанизам, кои ќе присуствуваат на состанок во општина Радовиш на кој ќе се усогласи единствен став и истиот ќе биде доставен до Министерството за транспорт и врски за да може тоа да го утврди во форма на иницијатива за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за доделување на две возила во сопственост на ЗЕЛС на општините

Управниот одбор на ЗЕЛС веќе неколку седници по ред го отвора ова прашање, со оглед дека е потребно на што пообјективен и потранспарентен начин да се изврши доделувањето на двете возила во сопственост на ЗЕЛС на општините кои имаат најголема реална потреба од такво нешто. Постапката ќе ја спроведе Комисија која ќе ја формира Управниот одбор со Одлука а истата ќе ги содржи и критериумите на распределба на возилата.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука за формирање на комисија и начинот и критериумите за распределба на двете возила во сопственост на ЗЕЛС на две општини. Распределбата ќе се изврши согласно следните критериуми и тоа:

1. Општината да ја платила членарината кон ЗЕЛС заклучно со 2023 г.
2. Општината да има реална потреба од возило што ќе се утврди со бројот на возила кој во моментот го има во своја сопственост.
3. Општината да не биде поголема од 10.000 жители.
4. Општината да не припаѓа на скопскиот плански регион (заради оддалеченост при користење на возилата кои ќе се доделат со оглед дека најчеста дестинација е до институциите кои се во градот Скопје).

За својата одлука, комисијата ќе го извести Управниот одбор кој ќе донесе соодветна Одлука за располагање со ствари во сопственост на ЗЕЛС согласно Статут.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. **Разгледување на предлог - содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Здружението на граѓани за личен развој, едукација и психолошка помош и поддршка „Гласот од тишината".**

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор го разгледа текстот на Меморандумот за соработка и предлага истиот да биде соодветно преработен и подготвен во форма за негово потпишување, при што истакнува дека на овој начин ЗЕЛС ќе даде поддршка за преземање активности за подобрување на состојбата во општините на лица со попреченост во развојот.

2. **Разгледување на ревизорскиот извештај изготвен од ДЗР во однос на распределбата на средствата за одржување, реконструкција и рехабилитација на локалните патишта**

   Управниот одбор го разгледа извештајот од спроведената Ревизија во Јавното претпријатие за државни патишта каде што се забележани несоодветни износи на распределба на средствата по општини за одржување, реконструкција и рехабилитација на локалните патишта, каде, како што е констатирано, во периодот од 2017 до 2023 г. несоодветно се врши распределбата на средствата иако истото е утврдено со Закон.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор бара од Државниот завод за ревизија до ЗЕЛС да ги достави сите податоци во однос на распределбата на средствата по општини за да може да изврши анализа колку средства на која општина и се ускратени, а ќе се обрати и до ЈПДП и Владата со барање информација за настанатиот пропуст, ретроактивна исплата, а во спротивно ќе ги повика општините секоја поединечно со тужба да ги надомести неисплатените средства.

3. **Дискусија во однос на состојбата со овластените стационари за третман и згрижување на кучиња скитници.**

   Присутните отворија дискусија во однос на катастрофалните состојби во оваа област, огромниот број на загрижени граѓани и немили случаи, состојби на пренесување на кучињата скитници од една во друга општина, но и средствата кои општините во рамките на градот Скопје се должни годишно да ги уплаќаат на јавното претпријатие „Лајка" кое нема резултати за своето работење. За да може да се надминат ваквите состојба, а во консултација со граѓанските организации за заштита на животните потребно е да се изготви иницијатива за изменување на Законот со кој нерегистрирани легла ќе бидат казниви со Закон, ќе се регулираат прашањата на плаќање на надоместок, ќе се отвори прашањето за осигурување од каснување и друга штета од кучиња скитници, а овие животни ќе добијат и статус на „диви" животни.

   ЗЕЛС треба да побара да се преземе единствена акција за справување со оваа наезда заради заштита на граѓаните истовремено третирајќи ги кучињата скитници согласно пропишани современи стандарди.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС ќе изврши детална консултација со општините, Агенцијата за храна и ветеринарство и граѓанските здруженија за заштита на животните заради утврдување на усогласен предлог за изменување и дополнување на прописите со кои ќе се променат лошите констатирани состојби во оваа област.

4. **Дискусија во однос на утврдување на право на надомест од производство на електрична енергија за општините.**

   Присутните отворија дискусија дека со последните поедноставувања на постапките на подрачјето на сите општини се поставени огромен број на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија, кои се изградени и по субвенциониран износ на надомест за уредување на градежно земјиште, а општината од истите нема никаков приход.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор смета дека општините имаат право на надомест од произведена електрична енергија од алтернативни извори на енергија, во висина од најмалку 2% од паричната противвредност од произведената електрична енергија. Оваа методологија треба да се применува и при искористувањето на водите и сечата на шумите, заради што на следната седница Управниот одбор ќе расправа по изготвена предлог – иницијатива.

5. **Разгледување на барањето од ЈП „Водовод и канализација“, Скопје за користење на софтверската апликација е-ствари**

   Управниот одбор го разгледа барањето на ЈП „Водовод и канализација“, Скопје за овозможување на пристап до софтверската апликација е-ствари со која управува ЗЕЛС во име на општините. Управниот одбор констатираше дека секоја општина има по едно или повеќе јавни претпријатија и установи кои имаат потреба да ја користат софтверската апликација за спроведување на постапките на електронски начин, но дека ЗЕЛС согласно Одлуката на Владата за располагање со ствар во интелектуална сопственост со која од Управата за имотно – правни работи софтверската апликација за потребите на општините се пренесува во сопственост на ЗЕЛС за да биде овозможена на општините членки на ЗЕЛС. ЗЕЛС нема административен и стручен капацитет да ја одржува оваа софтверска апликација за огромен број на правни лица (повеќе од 200) кои би имале свои формирани комисии за кои треба да се даде стручна поддршка, обука, тековно одржување, надградба итн.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор го разгледа барањето на ЈП „Водовод и канализација“, Скопје и заклучи дека ЗЕЛС нема доволен административно – технички капацитет да ги опслужи јавните претпријатија и установи основани од општините за користење на софтверската апликација е-ствари преку која општините ги спроведуваат постапките на продажба и давање под закуп на движни и недвижни ствари во нивна сопственост.

**Составил:**

**На ден 15 февруари, 2024 г. во Скопје**

Стручна служба на ЗЕЛС

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце Ѓорѓиевски**